# Упатство за начинот на користење на е-Рецепт сервисот во склоп на Prima MEDICA

Системот за електронски рецепт или е-Рецепт , кој го воведува Министерствотот за здравство треба да овозможи размена на податоците за рецептите по електронски пат помеѓу матичните лекари и аптеките. Од страната на матичните лекари, потребно е рецептите кои се препишуваат да бидат испратени до централна локација , од каде пак би биле преземани од аптеките.

Сервисите за испраќање на рецептите се интегрирани во новата верзија од Prima MEDICA и овозможуваат транспарентен процес на испраќање на рецептите на централната локација, без да се промени постоечкиот начин на издавање и печатење рецепти. На сликата подоле е прикажан екранот за внес на рецепти.

**НАПОМЕНА!!! По преземањето на верзијата 3.2.3 задолжително извршете синхронизација на генериките од МЗ , за истите да се користат во Prima MEDICA.**




Како што може да се види од сликата, во паѓачката листа за избор на генерички назив додадена е колона 'Министерство' со информација дали рецепт со соодветната генерика може да биде успешно испратен во системот за е-Рецепт.

Значи, доколку се избере генерика која во колоната Министерство има вредност ДА, по запишувањето на рецептот во Prima MEDICA истиот автоматски ќе биде испратен на серверот на Министерството за здравство и соодветно на тоа ќе може да биде обработена од аптеките.

**НАПОМЕНА!** Причината поради која сеуште во паѓачката листа се наоѓаат и генерички називи кои не се означени како поддржани од министерството е тоа што од страна на МЗ сеуште се дефинираат и прочистуваат генеричките називи со јачини и форми кои може да се издаваат од аптеките и листата сеуште не е конечна. Бидејќи овој процес е континуиран , во прво време ќе бие дозволено да е издаваат рецепти и со генерички називи кои не се поддржани од МЗ, со тоа што овие рецепти нема да може да се испратат во системот на МЗ, а соодветно при печатење на нив нема да се содржи број на рецептот. Препорака на МЗ е да се настојува секогаш кога е можно дасе избере генерички назив кој може да се биде прифатен во системот на е-Рецепт.

По запишувањето на рецептот , како што е спомнато погоре, доколку генеричкиот назив е поддржан од МЗ, податоците за рецептот се испраќаат автоматски во системот е-Рецепт, со самото кликање на копчето ЗАПИШИ. Доколку генериката не е поддржана, нема да се изврши акција на испраќање на податоците.




Како што може да се види од сликата, по успешното запишување и во системот е-Рецепт, воколоната Рецепт бр се прикажува единствениот број на рецептот, добиен од системот. Ово ј број ќе се испечати и на образецот на рецептот.

При генерирање на рецепти за хронични болни, при самата автоматска постапка на генерирање на рецептите ќе се врши и акција на запис на истите во системот е-Рецепт.

Доколку од било какви причини (немање интернет конекција, пад на системот е-Рецепт ..) не може да се изврши записот на рецептот во системот на МЗ, постои опција за

одложено рачно испраќање на истиот, преку кликање на обележаното копче кое се наоѓа во менито, откако претходно од табелата ќе се избере соодветниот рецепт.

Системот е-Рецепт ќе дозволи запис на рецептот на централната локација, доколку се пополнети сите потребни нформации на рецептот. Доколку фали некоја информација или е внесен неточен податок, системот ќе врати описна грешка за причината поради која била неуспешна акцијата.